PHILIPS

Звучник за забава

2000 Серија

TAX2208




# Упатство за користење

Регистрирајте го вашиот производ и добијте поддршка на:
www.philips.com/support

# Содржина


1 Важно 2
Безбедност 2

2 Вашиот звучник за забава 3
Преглед на главната единица 3
Што има во кутијата 3

3 Да почнеме 4
Вклучено 4
Полнење на вградена батерија 5
Основна репродукција 6

4 Ефект за менување на светлина 7
Вклучете го или исклучете светлото за забава 7

5 Пуштајте аудио преку Bluetooth 7
Поврзете го уредот 7
Автоматско поврзување на уред 7
Рачно поврзување на уред 8
Исклучување на уредот 8

6 TWS спарување 8
TWS: Спарување за стерео звук 8
Спарете два звучника TAX2208 преку TWS 8
TWS контрола на репродукција 9

7 Пуштете аудио преку Audio in 9
Слушајте надворешен уред 9
Пуштете од MP3 плеер 9

8 Пуштете аудио преку USB 10
Ажурирај фирмвер преку USB 10
Пуштете аудио преку USB 10

9 Пеење преку микрофон 11
Прилагоди јачина на микрофон 11
Прилагоди ехо 11

10 Информации за производот 11
Спецификации 11
Одржување 12

11 Решавање на проблеми 12
Нема звук 12
За Bluetooth уред 12

12 Забелешка 13
Грижа за животната средина 13
Забелешка за заштитена трговска марка 14

# 1 Важно

## Безбедност

**Важно упатство за безбедност**

- Проверете дали напонот на напојувањето одговара со напонот на задната или долната страна од единицата.
- Звучникот не смее да биде изложен на капење на течност или прскање.
- Не ставајте работи врз звучникот кои може да предизвикаат опасност (на пр. садови со течност, запалени свеќи).
- Уверете се дека има доволно слободен простор околу звучникот за да има вентилација.
- Користете го звучникот безбедно во средина со температури помеѓу 0°C и 45°C.
- Користете само приклучоци и додатоци наведени од производителот.

**Мерки за претпазливост за батерија**

- Опасност од експлозија или пожар ако батеријата се замени неправилно. Да се замени само со ист или еквивалентен вид.
- Батерија (комплетот батерии или батеријата што е инсталирана) не смее да се изложува на прекумерна топлина, како што е сонце, оган или слично.
- Батерија на екстремно високи или ниски температури при користење, чување или транспорт и низок воздушен притисок на висока надморска висина може да доведе до опасност за безбедноста.
- Не ја менувајте батеријата со несоодветен тип така што ќе ја наруши заштитата (на пример некои типови на литиум батерии).
- Ако батеријата се фрли во оган или во топла печка, или ако механички се крши или сече може да доведе до експлозија.
- Изложувањето на батеријата во средина со екстремно високи температури или со екстремно низок воздушен притисок може да доведе до експлозија или протекување на запалива течност или гас.

**Предупредување**

- Никогаш не го отстранувајте куќиштето на звучникот.
- Никогаш не им ставајте лубриканти на деловите од звучникот.
- Ставете го звучникот на рамна, цврста и стабилна подлога.
- Никогаш не го поставувајте звучникот врз друга електрична опрема.
- Користете го звучникот само во затворен простор. Чувајте го овој звучник подалеку од вода, влага, и предмети полни со течност.
- Чувајте го овој звучник подалеку од директна сончева светлина, отворен оган или топлина.
- Ризик од експлозија или пожар ако батеријата се замени со погрешен вид.
- За да се избегне ризик од пожар, опремата е снабдена само со надворешен извор на енергија чијшто излез треба да биде усолгасен со PS1 (со излезна моќ помала од 15W).

# 2 Вашиот звучник за забава

Ви честитаме што го купивте и ви посакуваме добредојде во Philips! За целосно да ја искористите поддршката што ја нуди Philips, регистрирајте го вашиот производ на www.philips.com/support.

## Преглед на главната единица

## Горен панел:




1 Mic vol (Јачина на звук на микрофон)
2 Echo (Ехо)
3 Vol (Јачина на звук)
4 Претходна нумера
5 Пушти/паузирај
6 Динамично засилување на басот (DBB)
7 Копче за TWS спарување
8 Прекинувач за светлосен режим
9 Следна нумера
10 Режим на подготвеност (бел индикатор)
11 Bluetooth (бел индикатор)
12 Mic in (Микрофон влез)
13 Audio in (Аудио влез)
14 Индикатор на ниво на батерија
15 USB
16 Type-c 5V in (Влез тип-c 5V)

## Што има во кутијата

Проверете ја и утврдете содржината на вашето пакување:

- Главна единица
- Кабел за полнење тип-C
- Кратко упатство
- Безбедносен лист
- Картичка за гаранција

## Преглед на главната единица

## Заден панел:




# 3 Да почнеме

### Внимание

- Користење на контроли или прилагодување или извршување на процедури поинакви од овие овде може да доведе до опасна изложеност на радијација или друга небезбедна операција.

Секогаш следете ги упатствата од овој дел според редоследот.
Ако го контактирате Philips, ќе ве прашаат за моделот и серискиот број на овој апарат. Бројот на моделот и серискиот број се на задниот дел од апаратот. Напишете ги броевите овде:

Број на модел ___________________________

Сериски број ___________________________

## Вклучено

Притиснете ⏻

↳ Притиснете и држете за да го вклучите/исклучите звучникот за забава.

### Забелешка

- Секогаш кога ќе во вклучите звучникот за забава, тој ќе влезе во Bluetooth режим на спарување.

# Полнење на вградена батерија

- Поврзете го USB кабелот за да ја наполните вградената батерија. Индикаторите на батеријата трепкаат на различни начини за да го покажат статусот на полнење.

## Забелешка

- Четирите индикатори на уредот ќе се исклучат откако батеријата е целосно наполнета.




- Звучникот е дизајниран со паметна карактеристика за проверка на батеријата за ваша погодност.

- Кратко притиснете го копчето ⏻ за да го покаже тековното ниво на батерија на LED индикаторите во режимот во кој уредот е вклучен, а не се полни.

4 LED светла светат бело=приближно 100 % полно

## Забелешка

- Кога нивото на батеријата е ниско, сите индикатори на батеријата ќе трепкаат истовремено и се слуша звучен сигнал.





# Основна репродукција



- Притиснете и држете за да го вклучите/исклучите уредот.
- Притиснете за да го проверите нивото на батерија кога е вклучен.




- Притиснете за да го вклучите или исклучите Динамичното засилување на басот.



- Притиснете за да внесете режим на спарување Вистински безжично стерео (TWS). Функционира само кога имате два идентични звучника TAX2208.



- Притиснете за да влезете во режим на Bluetooth. Притиснете и држете за да се прекине Bluetooth врската.



- Притиснете повеќепати за да го промените светлосниот режим на светлото на звучникот и да го ИСКЛУЧИТЕ светлото.



- Притиснете за да преминете на следната нумера.



- Птитиснете за да се вратите на претходната нумера.



- Притиснете за пауза; притиснете повторно за да продолжите со репродукцијата.




- Завртете за да ја прилагодите јачината на звукот на микрофонот.




- Завртете за да го прилагодите ехото на микрофонот.




- Завртете за да ја прилагодите јачината на звукот на главниот уред.


Mic in

- Влез за микрофон.


Audio in

- Аудио влез од надворешен уред, на пример MP3 плеер (приклучок од 3,5mm).


USB

- USB порта


Type-c 5V in

- Влез тип-c 5V



- Индикатори за статус на батеријата (LED)

# 4 Ефект за менување на светлина

## Вклучете го или исклучете светлото за забава

1. Кога е во режим вклучено, притиснете го копчето повеќепати за да ги менувате различните режими на светло на звучникот или да го ИСКЛУЧИТЕ светлото на звучникот.






# 5 Пуштајте аудио преку Bluetooth

Производот може да пренесува музика од вашиот Bluetooth уред до системот преку Bluetooth.

## Поврзете го уредот

### Забелешка

- Пред да го спарите уредот со овој производ, прочитајте во неговото упатство за употреба за компатибилноста со Bluetooth.
- Производот може да меморира максимум осум спарени уреди. Деветиот спарен уред ќе го замени првиот.
- Каква било пречка помеѓу овој уред и Bluetooth уредот може да го намали опсегот на работа. Чувајте го подалеку од други електронски уреди кои може да предизвикаат попречување.
- Опсегот на работа помеѓу овој производ и Bluetooth уредот е приближно 10 метри (30 стапки).

## Автоматско поврзување на уред

1 Притиснете и држете го копчето за да го вклучите звучникот за забава. Уредот автоматски влегува во режим на спарување со Bluetooth, белото позадинско светло на копчето и синото светло на звучникот трекаат за да ве потсетат да се поврзете со Bluetooth уред.

2 На вашиот Bluetooth уред, вклучете го Bluetooth и пребарајте ги Bluetooth уредите што може да бидат спарени.

3 Изберете **[Philips TAX2208]** што се прикажува на вашиот уред за спарување. По успешното поврзување, белото позадинско светло на копчето свети постојано.

## Рачно поврзување на уред

1 Кога звучникот за забава е во извор Audio in, кратко притиснете го копчето ✱ за да преминете во Bluetooth извор и да влезете во режим на спарување. Белото позадинско светло на копчето ✱ и синото светло на звучникот трепкаат за да ве потсетат да се поврзете со Bluetooth уредот.

2 На вашиот Bluetooth уред, вклучете го Bluetooth и пребарајте ги Bluetooth уредите што може да бидат спарени.

3 Изберете **[Philips TAX2208]** што се прикажува на вашиот уред за спарување. По успешното поврзување, белото позадинско светло на копчето ✱ свети постојано.

## Исклучување на уредот

1 Притиснете и држете го копчето ✱ на звучникот за забава за да го исклучите од тековниот уред.

2 Белото позадинско светло на копчето ✱ и синото светло на звучникот трепкаат за да ве потсетат да се поврзете со Bluetooth уредот.

### Забелешка

- Пред да се поврзете со друг Bluetooth уред, прво исклучете се од тековниот уред.
- Кога Bluetooth уредот е подалеку од валидното Bluetooth растојание, единицата ќе се исклучи автоматски од уредот.
- За да го исклучите од тековниот уред и да ги избришете информациите за спарување со Bluetooth, притиснете и држете го копчето ✱ на уредот додека позадинското светло на уредот не трепка трипати бгру и се слуша звучен сигнал.

# 6 TWS спарување

## TWS: Спарување за стерео звук

Два звучника може да се спаруваат еден со друг за стерео звук.

### Забелешка

- TWS работи само ако има два идентични звучници за забава (Philips TAX2208).

## Спарете два звучника TAX2208 преку TWS

1 Изберете еден звучник како главен звучник и поврзете го со Bluetooth уред.
2 Долго притиснете го копчето ∞ на главниот звучник додека не се слушне звучен сигнал.
3 Потоа, долго притиснете го копчето ∞ на секундарниот звучник додека не се слушне звучен сигнал.
4 TWS е поврзан и позадинското светло од копчето свети на двата звучника.

За да излезете од TWS, долго притиснете го копчето ∞ на кој било од звучниците додека не се слушне звучен сигнал и позадинското светло на ∞ не се исклучи.

## TWS контрола на репродукција

Кога TWS е поврзан, синхронизацијата на контролата од главниот на секундарниот звучник се одвива на следниот начин, и обратно.

| Контрола на главен звучник | Синхронизација на секундарен звучник |
|---|---|
| Јачина на звук на звучник за забава | Да |
| Пушти/паузирај | Да |
| Претходна нумера | Да |
| Следна нумера | Да |
| Режим на светло | Да |
| DBB | Да |
| Јачина на звук на микрофон | Не |
| Echo (Ехо) | Не |
| Вклучи/исклучи | Не |

# 7 Пуштете аудио преку Audio in

## Слушајте надворешен уред

Со овој производ, може да слушате надворешен аудио уред како што е MP3 плеер.

## Пуштете од MP3 плеер

1 Притиснете и држете го копчето ⏻ за да се префрлите на звучникот за забава и потоа ќе слушнете звучен сигнал.

2 Поврзете аудио влезен кабел (не е снабден) со 3,5mm конектор на двата крај од:
- **Audio in** приклучок на производот.
- Приклучникот за слушалки на MP3 плеерот.

3 Синото позадинско светло на копчето ✱ ќе се исклучи и звучникот за забава автоматски ќе се префли на изворот Audio in.

4 Пуштете аудио на MP3 плеер (погледнете во упатството за користење).




### Забелешка

- Треба повторно да го вметнете аудио кабелот во приклучокот **Audio in** ако сакате да се префрлите назад од другите аудио извори во Audio in.

# 8 Пуштете аудио преку USB

Репродукцијата преку USB е овозможена на производот купен после мај 2025 година. За корисниците со постари верзии, ве молиме ажурирајте го фирмверот преку USB на вашиот уред за да ја овозможите функцијата.

## Ажурирај фирмвер преку USB

### Забелешка

- Проверете го натписот на USB портата на вашиот звучник. Ако пишува „USB service“, следете ги чекорите подолу за да го ажурирате фирмверот. Ако пишува „USB“, може да пуштате аудио дирекнтно преку USB уредот.

1 Проверете дали има најнова верзија на фирмвер на www.philips.com/support. Пребарајте за вашиот модел и кликнете на „**Софтвер и драјвери**“.




2 Преземете ја zip датотеката и распакувајте ја.

3 Копирајте ја датотеката за надградба "*.upd" на USB диск.

4 Вметнете го USB стикот во USB приклучокот на звучникот додека е ИСКЛУЧЕН.




5 Притиснете и држете го копчето ⏻ додека не слушнете звучен сигнал.

6 Надградбата е завршена. Отстранете го USB стикот, па потоа притиснете и држете на ⏻ за да го вклучите звучникот. Сега може да уживате во репродукција на музика директно од USB уредот.

## Пуштете аудио преку USB

Уживај во аудио на USB уредот.

### Забелешка

- Увери се дека USB уредот содржи аудио содржина што може да се пушти во поддржани формати. Поддржани формати: MP3
- Уредот поддржува максимум од 128G USB.
- Поддржува USB порта: 5 V ⎓ 2 A.

Вметнете USB уред.




↳ Единицата ќе се префрли на USB режим и ќе пушти аудио автоматски.

| Копче | Постапка |
|---|---|
| Притиснете ▶❚❚ | Почни, паузирај или продолжи со репродукција. |
| Притиснете и држете го ▶❚❚ | Прескокнете до следната нумера. |

# 9 Пеење преку микрофон

## Прилагоди јачина на микрофон

Вметнете надворешен жичен микрофон (не е доставен) во приклучок за микрофон од 6,3mm и прилагодете ја јачината на звукот на микрофонот со вртење на копчето Mic vol. Сега, уживај во караоке пеење!

## Прилагоди ехо

Прилагодете го ефектот на ехо на посакуваното ниво преку копчето за Echo на горниот панел.

# 10 Информации за производот

## Спецификации

### Појачало

| | |
|---|---|
| Излезна моќност | Максимум 30W |
| Одговор на фреквенција | 60Hz-15kHz |
| Сооднос на сигнал и шум | ≥ 70 dBA |

### Звучник

| | |
|---|---|
| Импеданција на звучник | 3 ohm |
| Чувствителност | 91 dB±3dB/W/M |

### USB

| | |
|---|---|
| USB директна верзија | 2.0 целосна брзина |
| Поддршка за полнење | 5 V, 2 A |

### Bluetooth

| | |
|---|---|
| Bluetooth верзија | V5.2 |
| Bluetooth опсег на фреквенција | 2,402 GHz ~ 2,480 GHz ISM Опсег |
| Bluetooth домет | 10m (слободен простор) |

### Батерија

| | |
|---|---|
| Капацитет на батерија | Вградена што може да се полни 3,7V 3000mAh |

### Општи информации

| | |
|---|---|
| Еко подготвеност помала потрошувачка | ≤ 0,5 W |

### Димензии

| | |
|---|---|
| Главна единица (Ш x В x Д) | 250x342x250mm |

### Тежина

| | |
|---|---|
| Главна единица | 2,82 kg |

## Одржување

Чистење на внатрешноста

- Користете мека крпа малку намокрена со раствор на слаб детергент.
  Не користете раствор кој содржи алкохол, спирт, амонијак или абразиви.

# 11 Решавање на проблеми

**Внимание**

- Никогаш не го отстранувајте куќиштето на овој апарат.

За гаранцијата да биде валидна, никогаш не се обидувајте сами да го поправате системот.
Ако се соочите со проблеми при користењето, проверете ги следните работи пред да побарате сервис. Ако проблемот не се реши, одете на веб-страницата на Philips (www.philips.com/support).
Кога контактирате со Philips, уверете се дека уредот е во близина и дека ви се достапни серискиот број и бројот на моделот.

## Нема звук

- Прилагоди јачина на звук.

## За Bluetooth уред

**Квалитетот на аудиото е лош после поврзување со уред овозможен од Bluetooth**

- Bluetooth приемот е лош. Помести го уредот поблизу до овој производ или отстрани ја пречката помеѓу нив.

**Не може да се поврзе со уредот.**

- Функцијата Bluetooth на уредот не е овозможена. Проверете во упатството за користење на уредот како да ја овозможите функцијата.
- Овој производ е веќе поврзан со друг уред овозможен од Bluetooth. Исклучете го тој уред и обидете се повторно.

**Спарениот уред постојано се поврзува и исклучува**

- Bluetooth приемот е лош. Помести го уредот поблизу до овој производ или отстрани ја пречката помеѓу нив.
- За некои уреди, Bluetooth поврзувањето може да се деактивира автоматски како карактеристика за заштеда на енергија. Тоа не значи дека производот не работи правилно.

# 12 Забелешка

Кои било промени или модификации направени на овој уред кои што не се изречно одобрени од MMD Hong Kong Holding Limited може да го поништат овластувањето на корисникот да ја користи опремата.
Овој производ е во согласност со барањата за радио пречки на Европската Заедница.
Со ова, TP Vision Europe B.V. изјавува дека производот е во согласност со основните барања и другите соодветни одредби од RED Директивата 2014/53/EU и UK Radio Equipment Regulations SI 2017 No 1206. Може да ја најдете изјавата за усогласеност на www.philips.com/support.

## Грижа за животната средина

**Отстранување на вашиот стар производ и батерија**



Вашиот производ е дизајниран и произведен со материјали од висок квалитет и компоненти кои може да се рециклираат и повторно да се користат.



Овој симбол на производот значи дека производот е опфатен со Европската Директива 2012/19/EU.



Овој симбол значи дека производот содржи батерии опфатени со Европската регулатива (EU) 2023/1542 кои не може да се фрлаат со вообичаениот отпад од домаќинствата.
Информирајте се за локалниот систем за одделно собирање на електрични и електронски производи и батерии. Следете ги локалните правила и никогаш не го фрлајте производот и батериите со вообичаениот отпад од домаќинството.
Правилното отстранување на стари производи и батерии помага да се спречат негативните последици по околината и човековото здравје.

**Информација за животната средина**

Сите непотребни пакувања се избегнати. Вашиот систем се состои од материјали кои може да бидат рециклирани и повторно искористени ако ги расклопи специјализирана компанија. Почитувајте ги локалните прописи во врска со отстранувањето на материјалите од пакувањето, потрошените батерии и старата опрема.

⎓

Симболот покажува еднонасочен напон (DC напон).

### Забелешка

- Имајте предвид дека вашиот уред содржи вградени литиум батерии. Капацитетот за полнење на литиум батериите ќе се намали со тек на време поради нивната карактеристика за самопразнење. За да обезбедиме долг век на батеријата на вашиот уред, ние препорачуваме **полнење на вградената литиум батерија до околу 50% на секои 6 месеци кога уредот не се користи.**

**Отстранување на интегрирани батерии**

Уверете се дека производот е исклучен од напојување пред да ја отстраните интегрираната батерија.



Само за цели на илустрација

# Забелешка за заштитена трговска марка

Bluetooth® логотипот и логоата се регистрирани заштитени трговски марки што ги поседува Bluetooth SIG, Inc. и какво било користење од MMD Hong Kong Holding Limited е според лиценца. Другите заштитени трговски марки и трговски имиња се тие на нивните соодветни сопственици.

Спецификациите се предмет на промена без известување. Посетете ја www.Philips.com/support за најновите ажурирања и документи.
Philips и Philips Shield Emblem се регистрирани заштитени трговски марки на Koninklijke Philips N.V. и ние ги користиме според лиценца.
Овој производ е произведен од и се продава во надлежност на MMD Hong Kong Holding Limited или некоја од нивните подружници, и MMD Hong Kong Holding Limited е гарантор во однос на овој производ.

TAX2208_UM_MK_V2.0